Australian Government

NATIONAL BOWEL CANCER SCREENING PROGRAM




# Информативна книшка

Дежурна линија за тестот: 1800 930 998

Информативна линија за програмата: 1800 118 868

# Содржина

За Националната програма за тестирање за рак на цревата ....3
Рак на цревата ....5
Вашиот комплет за тестирање ....9
Колоноскопија .... 13
Регистар на програмата.... 14
Ако ви треба помош ....20

## Авторски права

© 2017 Комонвелтот на Австралија претставен од Министерството за здравје

Овој труд е со заштитени авторски права. Вие може да го копирате, печатите, симнете од интернет, прикажувате или репродуцирате ова дело во целост или делумно во неизменета форма за ваше лично користење или, ако сте дел од организација, за внатрешно користење во вашата организација, но само ако вие или вашата организација:

(a) копијата или репродукцијата не ја користите за било кои комерцијални цели; и

(b) ја задржите оваа забелешка за авторските права и сите забелешки за неприфаќање на одговорност како дел од таа копија или репродукција.

Освен правата дозволени со Copyright Act 1968 (Cth) или со ова известување за авторските права, сите други права се задржани, вклучувајќи ги (но не ограничувајќи се на) сите комерцијални права.

Барањата и прашањата во врска со репродукцијата и другите права за користење треба да се испратат до Communication Branch, Department of Health, GPO Box 9848, Canberra ACT 2601, или по електронска пошта на copyright@health.gov.au

**Оваа информативна книшка не може да биде целосно сеопфатна и е наменета само како водич. Таа не треба да ги замени поединечните медицински совети. Ако нешто ве загрижува во однос на здравјето или имате натамошни прашања, треба да разговарате со вашиот доктор.**

# За Националната програма за тестирање за рак на цревата

**Зошто треба да го направите тестот**

- Овој тест може да ви го спаси животот
- Тестот помага за рано откривање на рак на цревата
- Рак на цревата може да се развие без било кои симптоми
- Ризикот од појава на рак на цревата нагло се зголемува од 50-тата година на животот
- Добра вест е дека, ако се открие рано, ракот на цревата може успешно да се лекува во девет од 10 случаи
- Докторите препорачуваат луѓето на возраст од 50 до 74 години <u>секои две години</u> да направат домашен тест



## Кој треба да го направи тестот?

- ✓ Речиси секој на возраст од 50 до 74 години
- ✓ И жените и мажите
- ✓ Дури и здравите луѓе – возраста е најголемиот фактор на ризик да се добие рак на цревата
- ✓ Луѓето кои порано го направиле тестот – докторите препорачуваат тестирање на секои две години.

- Ако имате симптоми или семејна историја на рак на цревата (видете го поглавјето Рак на цревата, страница 6), разговарајте со вашиот доктор што поскоро за тоа кој вид на тестирање може да ви е потребно.
- Можеби не ќе треба да го правите тестот ако сте имале колоноскопија во изминатите две години или ако веќе одите кај вашиот доктор поради проблеми со цревата.

## Што се проверува со тестот?

- Со тестот се проверува дали има ситни траги на крв во изметот на луѓето кои немаат симптоми.
- Рак на цревата или полипи (мали грутки) може да растат на внатрешниот ѕид на цревата. Од тие израстоци често капат мали количества крв кои може да се најдат во изметот пред да се забележат било кои симптоми.
- Полипите не се рак, но со текот на времето може да се развијат во рак. Тие лесно може да се отстранат, со што се намалува ризикот од добивање на рак на цревата.
- Ако во примерокот од вашиот измет биде најдена крв, тоа може да се должи на низа причини кои не се рак, но треба да отидете кај вашиот доктор на разговор за резултатот. Вашиот доктор може да препорача колоноскопија за да се открие причината за крвавењето (видете го поглавјето Колоноскопија, страница 13).

# Рак на цревата

## Што прават вашите црева

Цревата се дел од системот за варење. Тој дел од телото ја разложува храната и ја исфрла од телото како измет.

**Вашите црева се состојат од три дела:**

- тенко црево – ги впива хранливите состојки од разложената храна
- дебело црево (колон) – главно ја впива водата
- право црево (ректум) – во него се собира изметот додека да се исфрли од телото низ чмарот.




## Што е рак на цревата?

- Ракот на цревата најчесто се појавува внатре во дебелото црево.
- Во најголем број случаи, ракот на цревата се развива од мали израстоци, наречени полипи, на внатрешната опна на цревата
- Не сите полипи се претвораат во рак
- Отстранувањето на полипите го намалува ризикот од добивање рак на цревата.

**Фази на ракот на цревата**




## Кои се симптомите на рак на цревата?

Рак на цревата може да се појави без било кои симптоми. Затоа е важно да се прави тест секои две години. Симптомите може да вклучуваат:

- крв во мочта, изметот или во тоалетната шолја
- скорешна и постојана промена на вашиот „ред“ на одење во тоалет, како што се помек измет, силен запек и/или потреба да одите по голема нужда почесто од обично
- необјаснива изморeност или губење на телесната тежина
- болки во стомакот.

## ПРЕПОЗНАЈТЕ ГИ СИМПТОМИТЕ:

- Ако забележите кој и да било од овие симптоми, тоа не значи дека имате рак на цревата, но многу е важно да разговарате со вашиот доктор.
- Од рак на цревата може да заболат и луѓе помлади од 50 години, па затоа погрижете се сите членови на вашето семејство и пријателите да ги знаат овие симптоми и, ако се загрижени, да разговараат со доктор.

Илустрациите на страниците 5 и 6 се приспособени од оригинални илустрации, со дозвола на Советот за рак на Викторија.

**Ризикот да заболите од рак на цревата може да биде зголемен ако:**

- Сте постари од 50 години
- Имате прекумерна телесна тежина
- Јадете многу „црвено месо“ и сувомесни производи (на пример: сланина, колбаси)
- Јадете малку зеленчук, овошје, зрнеста храна и цели житарки (на пример: интегрален (wholemeal) леб, кафеав ориз
- Пушите
- Пиете алкохол
- Имате воспаление на цревата (inflammatory bowel disease) [на пример: Кронова болест (Crohn’s disease) или улцерозен колитис (ulcerative colitis)]
- Порано сте имале неканцерозни тумори во цревата
- Имате изразена семејна историја на рак на цревата.

**Што е изразена семејна историја на рак на цревата?**

Семејна историја на рак на цревата е ако:

⇨ Ваш близок роднина (родител, брат, сестра или дете) добил рак на цревата на млади години (помлад/помлада од 55); или

⇨ Повеќе од еден близок роднина во вашето семејство имал рак на цревата на која и да е возраст.

Ако мислите дека имате семејна историја на рак на цревата, разговарајте со вашиот доктор за ризикот и вие да ја добиете таа болест и кое тестирање е најдобро за вас.

**80% ОД ЛУЃЕТО ШТО ЗАБОЛЕЛЕ ОД РАК НА ЦРЕВАТА НЕМААТ СЕМЕЈНА ИСТОРИЈА НА БОЛЕСТА**



## Вие може да го намалите ризикот од рак на цревата

Иако ниеден вид на рак не може целосно да се спречи, ризикот од рак на цревата може да го намалите ако:

- ✓ јадете здрава храна
  - ⇨ ограничете го јадењето на „црвено месо“ (помалку од 500 грама неделно) и одбегнувате сувомесни производи
  - ⇨ јадете повеќе житарки, зеленчук, овошје и зрнеста храна
  - ⇨ одбегнувајте висококалорична храна и зашеќерени напитоци
- ✓ сте секој ден физички активни најмалку 30 минути и помалку седите
- ✓ го ограничите пиењето алкохол
- ✓ не пушите
- ✓ секои две години правите тест заради рано откривање на промени во цревата, кога е полесно да се лекуваат.




**БИДЕЈЌИ ТАКА РАКОТ НА ЦРЕВАТА МОЖЕ ДА СЕ ОТКРИЕ ПРЕД ДА СЕ ПОЈАВАТ СИМПТОМИ**




**СОВЕТИ КАКО ДА СЕ ПОТСЕТИТЕ ДА ГО НАПРАВИТЕ ТЕСТОТ**

- Ставете го комплетот за тест некаде каде што можете да го видите, за да ве потсети да го направите (на пример: на мијалникот или на капакот од тоалетот).
- Одредете ги деновите кога ќе ги соберете примероците (на пример, во понеделник и вторник идната недела).

### Како се прави тестот?

Овој бесплатен тест е брз, чист и лесен – и го правите дома. Не треба да ги менувате исхраната или лековите. Тестот се состои од тоа со стапче за собирање да земете два многу мали примероци од изметот од две различни одења по голема нужда. Потоа ги праќате примероците во лабораторијата на програмата. Таму се испитува дали во примероците има ситни, невидливи траги на крв.

### Добивање точен резултат – чување на примерокот на сигурно

Тестот со голема точност го открива присуството на крв. Меѓутоа, кога меѓу собирањето на примероците поминало подолго време или тие биле изложени на високи температури долг период, крвта може да се разложи и потешко ќе може да се открие. Тоа може да доведе до неточен резултат.

Собирањето на примероците набрзо еден по друг, нивното чување во фрижидер и брзото испраќање по пошта се важни за добивање на точен резултат.

## Зошто треба примероците да ги ставите во фрижидер?

Фрижидерот обезбедува најстабилни услови за примероците, а со заштитната опаковка не постои ризик од загадување на другите нешта во вашиот фрижидер. Не ставајте ги примероците во замрзнувач (freezer).

## Добивање на резултатот

Вашиот резултат ќе ви биде пратен по пошта вам и на вашиот доктор (ако сте го навеле) неколку недели по испраќањето на примероците.

## Негативен резултат

Ако во вашите примероци не е најдена крв, резултатот на тестот ќе биде негативен и за сега не треба да се прави ништо повеќе. Меѓутоа, тоа не значи дека немате или дека никогаш нема да добиете рак на цревата, бидејќи кај некои видови на рак на цревата нема крвавење или има само повремено крвавење. Тестовите како тој што се користи во програмава, откриваат до 85% случаи на рак на цревата. Затоа е важно тестот да се прави секои две години и да разговарате со вашиот доктор ако се појават симптоми по добивањето на негативен резултат (видете го поглавјето Рак на цревата на страница 6).

## Позитивен резултат

Ако во вашите примероци е најдена крв, резултатот на тестот ќе биде позитивен и за резултатот треба да разговарате со вашиот доктор. Позитивен резултат може да се добие поради медицински состојби кои не се рак (како што се полипи, хемороиди или воспаление на цревата), но важно е тоа да се испита. Вашиот доктор може да препорача натамошно тестирање за да се открие причината за крвавењето, обично колоноскопија.

## Што е тестот што го обезбедува програмата?

Тестот е имунохемиски тест за невидлива крв во изметот (immunochemical faecal occult blood test - iFOBT).

**До 2020 година на луѓето на возраст од**




**ГОДИНИ ПО ПОШТА ЌЕ ИМ СЕ ПРАЌА БЕСПЛАТЕН КОМПЛЕТ СЕКОИ ДВЕ ГОДИНИ**

**Што ако не сакате тестот да го направите сега или не сакате да учествувате во програмата?**

Учеството во програмата е ваш избор.

Може да го одложите вашиот тест или да побарате да не учествувате во програмата. Јавете се на информативната линија на програмата на **1800 118 868** или пополнете го образецот на крајот на оваа книшка (страница 17).

- Ако го *одложите* учеството во програмата, може да одберете датум кога сакате повторно да се вклучите. Учеството може да го одложите до една година.
- Ако одберете да *не учествувате* во програмата, веќе нема да добивате комплети за тестирање или писма од програмата. Во регистарот на програмата нема да бидат чувани ваши натамошни клинички информации во врска со тестирањето на цревата.

Во програмата можете повторно да се вклучите во секое време.

За информации во врска со тоа како ќе се постапува со вашите лични податоци, ве молиме видете го поглавјето Регистар на програмата на страницата 14 или посетете ја интернет страницата www.cancerscreening.gov.au/nbcsp-privacy.

## Што треба да направите со вашиот комплет за тестирање ако не сакате да учествувате?

Фрлете го комплетот во канта за отпадоци. Не враќајте го неупотребениот комплет и не давајте го на друго лице.

## Што ако познавате некого кој сака комплет?

Ако знаете некого на возраст од 50 до 74 години, кој сака да направи тест, тој или таа треба да се јави на информативната линија на програмата на **1800 118 868** или да ја посети интернет страницата www.cancerscreening.gov.au/bowel за повеќе информации.

# Колоноскопија

Ако резултатот од вашиот тест биде позитивен за крв во изметот, вашиот доктор може да ве упати на колоноскопија.

**Што е колоноскопија?**

Колоноскопија е постапка со која се гледа внатре во вашите црева додека сте под дејство на опивка (заспани). Докторот вовлекува тенко еластично црево на кое е прицврстена мала камера во правото црево (ректумот) , за да види дали има полипи или канцерозни израстоци. Како при сите медицински постапки, постојат и ризици и корист. Меѓутоа, користа од раното откривање на рак е далеку поголема од можните ризици при колоноскопија. Важно е за ризиците и користа да разговарте со вашиот доктор пред да ви биде направена колоноскопија.

**Дали треба да платите за колоноскопијата?**

За пациенти во државниот здравствен систем колоноскопијата е бесплатна. Ако имате колоноскопија како приватен пациент, може ќе треба да платите. За сите финансиски трошоци треба да разговарате со вашиот доктор пред да имате колоноскопија.

**Што се случува ако нешто биде најдено за време на колоноскопијата?**

Ако бидат најдени полипи или други израстоци, докторот обично веднаш ги отстранува и ги праќа во лабораторија за да се испита дали станува збор за рак.

Ако се открие рак на цревата, може ќе треба да имате операција. Ако ракот на цревата се открие во рана фаза, шансите за целосно оздравување се големи и мнозинството луѓе ќе можат да се вратат во нормален живот. Мнозинството случаи на рак на цревата откриени преку програмата се во рана фаза.

**Што ако колоноскопијата не покаже ништо?**

Ако не бидат најдени полипи или канцерозни израстоци, програмата ќе ви прати друг тест кога следниот пат ќе имате право на него. Во меѓувреме, ако се појават било кои симптоми (видете го поглавјето Рак на цревата на страница 6), треба да отидете кај вашиот доктор.

# Регистар на програмата

## Кои информации се чуваат во регистарот на програмата?

Во регистарот на програмата се чуваат лични информации како што се:

- вашиот Medicare број
- вашите податоци за контакт
- резултатите од вашиот тест во рамките на програмата
- името на докторот што сте го навеле
- резултатите од натамошните тестови (на пример, колоноскопија) што може да ви бидат направени по вашиот тест во рамките на програмата.

## За што ќе бидат користени тие информации?

Тие информации ќе бидат користени за да:

- бидете потсетени да направите тест
- ви помогнат за закажување на натамошни прегледи и за пристап до здравствени услуги
- добиете покана да направите нов тест во иднина
- се стапи во контакт со даватели на здравствени услуги за да се побараат резултати од вашите тестови
- се следат и проценуваат програмата и нејзиното влијание во однос на ракот на цревата во Австралија.

## На кого ќе му бидат дадени моите информации?

Личните информации што се чуваат во регистарот може да им бидат дадени на медицински и други професионални лица кои даваат услуги во рамките на програмата, како што се:

- докторот што вие сте го навеле
- медицински специјалисти
- патолошката лабораторија задолжена за тестирање на вашите примероци
- службениците и давателите на услуги по договор на министерствата за здравје на сојузните држави и територии
- Министерството за здравје на Австралиската влада
- Австралискиот институт за здравје и добросостојба
- овластени даватели на услуги (трета страна)
- секое овластено трето лице што вие ќе го наведете.

## Приватност

Вашите лични информации и резултатите од тестовите што се чуваат во регистарот на програмата се заштитени со *Privacy Act 1988* и со нив ќе се постапува во согласност со Австралиските принципи за приватност наведени во тој закон.

Натамошни информации се на располагање на интернет страницата на програмата: www.cancerscreening.gov.au/nbcsp-privacy




**ОД СЛУЧАИТЕ НА РАК НА ЦРЕВАТА МОЖЕ УСПЕШНО ДА СЕ ЛЕКУВААТ АКО БИДАТ РАНО ОТКРИЕНИ**

For information in your language go to www.cancerscreening.gov.au/translations or call the Translating and Interpreting Service on 13 14 50.

ARABIC

للمعلومات باللغة العربية تفضل بزيارة الموقع الإلكتروني
www.cancerscreening.gov.au/translations أو اتصل
بخدمة الترجمة الخطية والشفهية على الرقم 13 14 50.

ASSYRIAN

ܩܵܐ ܡܘܼܕܥܵܢܘܼܬܵܐ ܒܠܸܫܵܢܵܐ ܐܵܬܘܿܪܵܝܵܐ، ܒܲܣܩܘܿܪ ܠܟܹܐܦܵܐ
www.cancerscreening.gov.au/translations ܝܢ ܩܪܘܿ، ܩܵܐ ܚܸܠܡܲܬ݂ܵܐ
ܕܬܲܪܓܡܵܢܘܼܬܵܐ ܘܦܘܼܫܵܩܵܐ (Translating and Interpreting Service) ܥܲܠ
ܡܸܢܝܵܢܵܐ 13 14 50.

CHINESE SIMPLIFIED

关于这个计划的中文资料请见：
www.cancerscreening.gov.au/translations您也可以致电翻译口译服务处，号码是13 14 50。

CHINESE TRADITIONAL

關於這個計劃的中文資料請見：
www.cancerscreening.gov.au/translations 您也可以致電翻譯口譯服務處，號碼是13 14 50。

CROATIAN

Za informacije o programu na hrvatskom jeziku  idite na www.cancerscreening.gov.au/translations, ili nazovite Službu prevoditelja i tumača na 13 14 50.

GREEK

Για πληροφορίες στα ελληνικά επισκεφθείτε το www.cancerscreening.gov.au/translations ή καλέστε την Υπηρεσία Μεταφραστών και Διερμηνέων στο 13 14 50.

HAZARAGI

بلده مالومات ده زیبون هزارگی، ده ویبسایت زیر مراجعه کنین
www.cancerscreening.gov.au/translations و یا که ده
شماره 13 14 50 با خدمات ترجمانی تماس بیگرین.

HINDI

हिन्दी में सूचना के लिए www.cancerscreening.gov.au/translations देखें या अनुवाद एवं दुभाषिया सेवा (Translating and Interpreting Service) को 13 14 50 पर फोन करें।

ITALIAN

Per informazioni in italiano visitate www.cancerscreening.gov.au/translations o chiamate il Servizio traduzioni e interpretariato al numero 13 14 50.

KHMER

សម្រាប់ព័ត៌មានបន្ថែមទៀតជាភាសាខ្មែរ សូមមើលគេហទំព័រ
www.cancerscreening.gov.au/translations
ឬទូរស័ព្ទទៅសេវាបកប្រែ សរសេរ និងនិយាយ តាមលេខ 13 14 50។

KOREAN

한국어로 된 정보를 원하시면
www.cancerscreening.gov.au/translations 를 방문하시거나 통번역 서비스13 14 50로 연락하시기 바랍니다.

MACEDONIAN

За информации на македонски јазик одете на www.cancerscreening.gov.au/translations или јавете се на Службата за писмено и усмено преведување на 13 14 50.

NEPALESE

त्रको माथिल्लो भागमा उल्लेख गरिए बमोजिम नेपालिमा जानकारीको लागि www.cancerscreening.gov.au/translations मा जानुहोला अथवा ट्रान्सलेटिङ्ग एण्ड ईन्टरपेटिंङ्ग  सर्भिस को १३१ ४५० मा सम्पर्क गर्नुहोला।

PERSIAN

برای کسب اطلاعات به فارسی، به آدرس
www.cancerscreening.gov.au/translations مراجعه کنید یا
با خدمات ترجمه کتبی و شفاهی به شماره 13 14 50 تماس بگیرید.

POLISH

Informację o programie w języku polskim znaleźć można na stronie www.cancerscreening.gov.au/translations, lub dzwoniąc do Telefonicznej Służby Tłumaczy pod numer 13 14 50.

PORTUGUESE

Para informações em português acesse www.cancerscreening.gov.au/translations ou ligue para o Serviço de Tradutores e Intérpretes discando 13 14 50.

PUNJABI

ਪੰਜਾਬੀ ਵਿੱਚ ਜਾਣਕਾਰੀ ਵਾਸਤੇ www.cancerscreening.gov.au/translations ਉੱਤੇ ਜਾਓ ਜਾਂ ਅਨੁਵਾਦ ਤੇ ਦੁਭਾਸ਼ੀਆ ਸੇਵਾ (Translating and Interpreting Service) ਨੂੰ 13 14 50 ਤੇ ਫੋਨ ਕਰੋ।

RUSSIAN

За информацией на русском языке перейдите на сайт: www.cancerscreening.gov.au/translations или позвоните в Службу письменного и устного перевода TIS по тел. 13 14 50.

SERBIAN

За информације на српском, погледајте www.cancerscreening.gov.au/translations или назовите Службу преводилаца и тумача на 13 14 50.

SPANISH

Para obtener información en español, visite www.cancerscreening.gov.au/translations, o llame al Servicio de Traducción e Interpretación, en el 13 14 50.

TURKISH

Türkçe bilgi için www.cancerscreening.gov.au/translations adresini ziyaret edebilir veya 13 14 50’den Yazılı ve Sözlü Çeviri Servisi’ni arayabilirsiniz.

VIETNAMESE

Muốn biết thông tin tiếng Việt, truy cập www.cancerscreening.gov.au/translations, hoặc gọi cho Dịch vụ Thông Phiên dịch (TIS) qua số 13 14 50.

# Образец за откажување

Овој образец треба да се пополни ако не сакате да учествувате во програмата.

Број за идентификација (ID number) | | | | | | | | | |

(ќе го најдете во најгорниот дел од писмото-покана)

Презиме ______ Датум на раѓање __ / __ /

Име ______ Жена ☐ Маж ☐

Ве молиме наведете од која причина одбивате да учествувате во програмата:

- ☐ имам редовни колоноскопии
- ☐ имам редовни FOBT тестирања
- ☐ медицински совет да не учествувам
- ☐ се лекувам од рак
- ☐ ме загрижува приватноста
- ☐ непријатно се чувствувам во врска со постапката
- ☐ не сум заинтересиран/заинтересирана
- ☐ друго

Јас разбирам дека со тоа што одбирам да не учествувам:

- Веќе нема да добивам писма за потсетување и нема да бидам поканет/поканета да имам тест во иднина, освен во случај ако ја известам програмата дека сакам да учествувам.
- Ако се откажам од учество во програмата, а потоа решам да учествувам така што ќе го направам тестот FOBT во рамките на програмата, ќе се смета дека сум учесник во програмата. Тоа значи дека резултатите од моите тестови ќе бидат запишани во регистарот на програмата и, ако е потребно, ќе ми бидат праќани писма за потсетување.

Потпис ______ Датум __ / __ /

Ве молиме имајте предвид: Овој образец мора да го потпише лицето поканeто да учествува во програмата или трето лице овластено да го застапува. Ако потпишувате од името на поканетото лице, ве молиме наведете ги вашето име, презиме и податоци за контакт:

Име и презиме на овластеното трето лице ______

Броеви за контакт на овластеното трето лице:

На работа: (   ) ______ Дома: (   ) ______ (Мобилен) ______

Откако ќе го пополните овој образец, ве молиме одвојте го од книшката и пратете го на регистарот на програма на следната адреса (не е потребна поштенска марка):

**NBCSP Register**
**Reply Paid 83245**
**Canberra BC ACT 2610**

# Образец за одложување

Овој образец треба да се пополни ако сакате за извесно време да го одложите вашето учество во програмата.

Број за идентификација (ID number) [ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ]

(ќе го најдете во најгорниот дел од писмото-покана)

Презиме [ ] Датум на раѓање [ / / ]

Име [ ] Жена [ ] Маж [ ]

- [ ] барам совет од доктор
- [ ] неодамна имав тест за рак на цревата
- [ ] неодамна имав колоноскопија
- [ ] болест
- [ ] патување
- [ ] друго

Јас сакам моето учество да го одложам до (означете едно од следните):

[ ] [ / / ] (Ве молиме внесете го датумот кога сакате повторно да се вклучите во програмата. Тоа не може да биде подолго од една година од датумот на кој бевте поканети да учествувате)

[ ] Кога следниот пат ќе имам право да учествувам во програмата

Потпис [ ] Датум [ / / ]

Ве молиме имајте предвид: Овој образец мора да го потпише лицето поканeто да учествува во програмата или трето лице овластено да го застапува. Ако потпишувате од името на поканетото лице, ве молиме наведете ги вашето име, презиме и податоци за контакт:

Име и презиме на овластеното трето лице [ ]

Броеви за контакт на овластеното трето лице:

На работа: ( ) Дома: ( ) (Мобилен) [ ]

Откако ќе го пополните овој образец, ве молиме одвојте го од книшката и пратете го на регистарот на програма на следната адреса (не е потребна поштенска марка):

**NBCSP Register**
**Reply Paid 83245**
**Canberra BC ACT 2610**

## Ако ви треба помош

Ако ви требаат повеќе информации, следните организации ќе можат да ви помогнат:

| Ако сакате да... | Организација | Контакт за информации |
|---|---|---|
| • Да дознаете повеќе за програмата | Информативна линија на Националната програма за тестирање за рак на цревата | **1800 118 868**<br>www.cancerscreening.gov.au/bowel |
| • Да прашате како да го направите тестот | Линија за помош околу комплетот за тестирање | **1800 930 998**<br>или гледајте кусо видео на www.cancerscreening.gov.au/bowel |
| • Да побарате преведувач | Служба за писмено и усно преведување | **13 14 50**<br>www.tisnational.gov.au |
| • Да побарате преведени материјали и писма | Национална програма за тестирање за рак на цревата | www.cancerscreening.gov.au/translations |
| • Да побарате услуги за лица со оштетен слух | Телепринтерска (TTY) служба | **1800 810 586** |
| • Да разговарате за рак со обучен персонал<br>• Да дознаете кои локални услуги за рак се на располагање | Совет за рак | **13 11 20**<br>www.cancer.org.au |

Сите информации во оваа публикација беа точни во ноември 2017 година

11910 ноември 2017 година